РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-655/1
06.05 2026 год.
ШТИП

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкции**
**Казнено поправен дом Штип**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА 2025

Секторот затворска полиција на КПД Штип во текот на 2025 година успешно ги изврши редовните тековни задачи. Во извршување на тековните работи во прв план ни беше обезбедувањето на установата, обезбедување на осудените лица, обезбедување на сигурна работна и животна атмосфера во установата, извршување на спроводи и обезбедување за време на судење, обезбедување на осудени лица кои беа на болничко лекување.

Во текот на 2025 година секторот затворска полиција изврши и реализира вкупно 722 спроводи со 825 осудени лица по судови,обвинителства и други КП установи и болници.

Во 2025 година затворската полиција поднесе 295 предлози за поведување дисциплински постапки против осудени лица кои резултираа со опомени, јавна опомена и дисциплински казни упатување во самица од 3-14 дена.

Покрај редовните работни задачи на затворската полиција во 2025 година беше планирано да се извршат две боеви гаѓања со формациско вооружување и со личното оружје со кое се задолжени припадниците на секторот затворска полиција,меѓутоа истото не се реализира од причини што имаме недостаток на муниција и старо лично вооружување кое за жал не е сервисирано.

Затворската полиција одржуваше редовни состаноци со останатите сектори во установата (ресоцијализација и инструктори) заради усогласување на работата со осудените лица односно постојана комуникација со осудените лица и навремено решавање на нивните реални проблеми, а се со цел да се одржи нормална и безбедна работна атмосфера и дисциплина во осуденичката популација со релаксирање на меѓучовечките односи.

Во 2025 год.извршена е набавка за резервни делови на службените возила,извршено е сервисирање и нивно одржување,извршен е сервис и подобрување на системот за видео надзор,подобрено е осветлувањето на ѕидот околу затворот,извршено е сервисирање и одржување на ПП апаратите и опремата,набавени се нови радио врски,набавена е метал


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

детектор врата и извршено е и сервисирање и одржување на скенерот за проверка на пратки.

Извршена е основна и континуирана обука на припадниците на затворската полиција во месец Ноември 2025 год.Во детското катче при КПД Штип е одржана генеричка обука,во соработка со УИС Скопје на теми Етика, Меѓусекторска соработка,Динамичка безбедност,Конфликти ,BURNOUT и Когнитивно бихејвиорална програма на сите припадници на затворската полиција во КПД Штип.
За потребите на КПД-Штип и вработените во затворската полиција во КПД-Штип се оджани основни и континуирани обуки на секоја смена посебно како и за раководниот кадар на затворската полиција.

Доставено до
УИС Скопје
Архива
Затворска полиција

06.05.2026 г.

Изготвил
Заповедник
Горан Стојанов


Министерство за правда на Република Северна Македонија– Управа за извршување санкции-КПД Штип
6 ти километар бб 2000 Штип
Република Северна Македонија
Телефон +389 32 -308 534,-308 536
Фах +389 32 -308 531- 308 581
e-mail: kpd.stip@gmail.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-2736/1
31.12 2025 год.
ШТИП

Арх. знак 0102
Рок на чување ТРАЈНА
12.02 2026 год.
Потпис

**Извештај за реализирање на програмата за работа на Секторот за ресоцијализација за 2025 година**

Секторот за ресоцијализација го сочинуваат 2 одделенија и тоа одделение за третман и стопанско инструкторско одделение.

Во одделение за третман се вработени 1 раководител на секотор,1 раководител на одделение 1 советник, 1 виш соработник,1 помлад соработник. Воспитната работа се спроведува од страна на 5 вработени лица. Во стопанско инструкторско одделение се вработени 2 стручни инструктори од кои 1 раководител на одделение, 1 референт. Работни задачи како стручни инструктори извршуваат 6 лица, 1 лице од редовите на затворска полиција и 1 лице вработено во самостојното одделение за финансиски прашања, 1 лице вработено како лице за одржување на објекти кој работи и како инструктор ,1 кувар во затворкста кујна кој исто така работи и како инструктор.

Во 2025 е вработен лице за одржување на објекти кој исто така работи и како инструктор,1 самостоен референ за едукација и практична обук на осудени лица.

Во одделението за третман во Декември 2025 година се примени 1советник за третман,1соработник за третман и 1 помлад соработник за едукација и практична обука на осудени лица

За успешно спроведување на планираните активности неопходно е зголемување и екипирање на вработените во секторот за ресоцијализација ОДНОСНО ФОРМИРАЊЕ НА ПРИЕМНО ОДДЕЛЕНИЕ И НЕГОВО ПОПОЛНУВАЊЕ .

**Основна цел на овој сектор е ресоцијализација на осуденикoвата личност.** ***Промена на погрешно изградените ставови и навики кај личноста на осуденикот и градење на нови социјално прифатливи ставови и навики за неговото поуспешно реинтегрирање во општеството по завршувањето на казната.***

За реализација на оваа програма вработените во секторот за ресоцијализација и во 2025 година соработуваа со Припадниците на затворската полиција, Управа за извршување на санции, Центри за социјална помош, Министерство за внатрешни работи, Министерство за образование и наука, UNDP, канцеларијата на Совет на Европа за Р. Македонија, основните судови во државата, Центар за култура Штип, НУ-УБиблиотека „Гоце Делчев“, Универзитет „Гоце Делчев “ Штип, ЈЗУ „Клиничка болница “Штип, „Црвен крст“ Штип, Општина Штип, ИЗБОР ,невладини организации кои третираат

проблематики поврзани со издржувањето на казната затвор како и други институции, фирми и претпријатија.

Третманот на осудените лица се остварува преку примена на повеќе современи облици на третман кои може да бидат редовни и специфични мерки на треман.

Редовна програма опфаќа третмански мерки кои се однесуваат на :

- Работа на осудените лица
- Образование
- Образование по занимање;
- Морално етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање
- Слободни активности, спорт и рекреација на осудените лица.

## РАБОТЕН АНГАЖМАН

Работното ангажирање на осудените лица е општа третманска мерка во процесот на ресоцијализација, па од тие причини во планирањето на програмата ставен е акцент на оваа компонента.

Се имаше во предвид значењето што го има работата воопшто дека преку работата осудените лица стручно-професионално се оспособуваат за самостоен и корисен живот на слобода, ги развиваат работните навики, креативноста и интересот за работа. Активностите се одвиваа со мотивирање за вклучување на поголем број на осудени лица во работен ангажман, кои извршуваат работни задачи во затворската економија-земјоделска дејност, фарма-сточарска дејност, установата-одржување на зеленилото и службени простории, вклучување во работа на работилници, шивална и останати места по Одлука за определување на работни места, како и надвор од установата во фирми по претходно склучени договори-2025 година едно осудено лице работеше надвор од установата.

Со склучени меморандуми за соработка група од 4 осудени лица работно се ангажирани во Клинички центат Штип и ЈКП Исар Штип

## ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ПО ЗАНИМАЊЕ

Во текот на 2025 година зависно од проектните активности, се планираше продолжување со активностите за описменување, стекнување на основно образвание како и образовние по занимање во соработка со Министерсво за образование и УНДП, на ден 30.12.2025 година одржан е состанок со преставници од Коле Нехтенин и договорен е

почеток на образовниот процес за средно образование кое би требало да отпочне во Јануари 2026 година.

Од Управата за извршување на санкции побарано е а воедно и изготвени и испратени се списоци со осудени лица кои немаат дооформено основно образовани и лица кои имаат оформено основно образование но немаат завршено средно образование.

Во рамките на своите активности вработените во редовни програми ги мотивираа и стимулираа осудените лица кои пројавуваат интерес за основно образование, а оние кои имаат завршено основно образование да продолжат со школување и како вонредни ученици во некои од средните училишта. Исто така осудените кои имаат можност беа мотивирани за искористување на долготрајните казни за завршување и на високо образование.

Во месец Ноември на барање на КПД Штип од страна на стручни лица од Поли проект одржан е почетен курс за компјутери кои го посетуваа 13 осуденилица кои се стекнаа со сртификат за завршен почетен курс за познавање на основните компјутерски програми.

На 27 и 28 Ноемви за вработените осудени лица во затворската кујна и пекара организирана е обука за безбедност на храната кој ја извршија лица вработени во центарот за јавно здравке Штип на која обука со сертификат се стекнаа 14 осуденилица.

За време на реализацијата, Секторот за ресоцијализација активно е вклучен во работата.

## МОРАЛНО - ЕТИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ И ОСУДЕНИЧКО САМО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Со морално етичкото воспитување се остварува позитивно структурирање на личноста, јакнење на личната одговорност и активно вклучување на осуденото лице во реализирањето на поставените цели во индивидуалната програма за третман.

Осуденичкото самоорганизирање како форма на превоспитниот третман се реализира и во текот на 2025 година, при што Секторот за ресоцијализација беше носител на овој сегмент. Манифестирањето на иницијатива, чувство на одговорност, позитивно доживување на сопствената личност беа дел од целите во советодавната работа што се постигнуваат со оваа форма на превоспитна работа, а нудат можност за трансфер на наученото во ситуации после издржувањето на казната. Со осуденичкото самоорганизирање имаше можност осудените лица поактивно да се вклучат во третманот,

се подобри комуникацијата во релациите осудено лице-осудено лице и службено лице-осудено лице и се избегнаа негативните влијанија од поединците во групата.

## СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

Согласно распоредот на дневните активности во установата, сознанијата за интересите-желбите на осудените лица, третманските содржини во текот на 2023 година се реализираа во установата каде имаше можности за поедини активности.

- Следење на ТВ-програма-секојдневно
- Користење на книги од затворската библиотека по барање на осудените лица-секојдневно.
- Културни активности

Во текот на 2025 година се реализирани:

. На ден 27.02.2025 година 8 осудени лица со третманска груп А И Б2 ја следеа театарската претстава СИТЕ ПРЕКРАСНИ НЕШТА која се изведуваше во театар Штип .

На ден 13.11.2025 во детското катче е прикажан македонскиот филм Лазар кој го следеа 23 осудени лица од 3 ро крило .

. Спортски активности

Во месец Јуну 2025 година во КПД Штип е започнат со одржување на турнир во мал фудбал за осудените од КПД Штип.

На турнурот земаа учество 7 екипи од кои 3 од затвореното одделени и 4 екипи од полуотвореното одделени кои со ждребување беа поделени во 2 натпреварувачки групи од кои едната со 3 екипи а другата со 4 екипи .

Турнирот се играше по систем 4+1 со максимум 10 пријавени играчи со комбинирани правила за мал фудбал.

Во месец Октомври организиран и реализиран е турнир во шах и табла каде во турнирот во шах учествуваа 15 осудени лица додека во турнирот во табла учествуваа 24 осуденилица. Турнирот се играше по принцип на елиминација.

На ден 23.11.2025 година 12 осуденеи лица со третманска група А и Б во спортска сала Јордан Мијалков го следеа турнирот во бокс.

Реализацијата на индивидуалната програма за третман на осудените лица се остваруваше со планиран и организиран пристап на вработените лица кои учествуваат во третманот преку одржување на конференциски средби. Овие конференциски средби се организирани од страна на секторот за ресоцијализација. Во текот на 2025 одржани се 7 класификациони конференциски средби и 20 конференциски средби за отпуст.

Напомена : Предвидените активности од Програмата не се реализираа во потполност заради секторска неекипираност.

Изработил: Драган Глигоровски

Декември 2025 година

Доставено до:
- Директор на КПД Штип
- Сектор за ресоцијализација
- Архива

Сектор за ресоцијализација

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 01-655/2
06.05 2026 год
ШТИП

# Годишен извештај на одд. за финансии за 2025 година

Согласно добиениот Буџет од Управата за извршување на санкции, вкупно остварени приходи за сметка 603 во 2025 година се 164.388.169 денари, и вкупни расходи во износ од 164.388.169 денари и тоа по следните расходни ставки:

| Расходна ставка: | Опис: | Износ: |
|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 85.788.685 |
| 402 | Придонеси | 40.851.783 |
| 404 | Регрес | 1.373.292 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 39.279 |
| 421 | Комунални услуги | 10.073.251 |
| 423 | Ситен инвентар и други материјали | 5.837.370 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 293.006 |
| 425 | Договорни услуги | 1.315.665 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.060.382 |
| 464 | Разни трансфери | 366.569 |
| 465 | Трошоци по извршни исправи | 11.797.638 |
| 471 | Социјални надоместоци | 348.000 |
| 465-ЗА | Трошоци по извршни исправи | 3.894.831 |
| 480-ЗА | Купување на опрема и машини | 1.348.418 |
| | Вкупно: | **164.388.169** |

За сметка 787 (самофинансирачки активности) вкупни расходи во износ од 380.000,00 денари и тоа по следните расходни ставки:

| Расходна ставка: | Опис: | Износ: |
|---|---|---|
| 421 | Комунални услуги | 52.736 |
| 465 | Трошоци по извршни исправи | 311.704 |
| 471 | Социјални надоместоци | 15.560 |
| | Вкупно: | **380.000** |

Вкупно остварените приходи за 2025 година изнесуваат 616.020,00 денари.

Изработил: Мери Тушева